Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Педагошка Служба - Shërbimi Pedagogjik
Бр. Nr. 26-340/46
25-07-2025 год. viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 19 став 10 од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.3/25 и 74/25), директорот на Педагошка служба го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се дава одобрение за употреба на учебникот **Empower (Level B1 Student`s Book)** по наставниот предмет **Англиски јазик (прв странски јазик) за I година гимназиско образование** од авторите Adrian Doff, Craig Thaine, Herbert Puchta, Jeff Stranks, Peter Lewis-Jones со Graham Burton на Cambridge University Press & Assessment Cambridge, United Kingdom преку законскиот застапник Друштво за графички услуги и трговија Арс Ламина ДОО, Скопје, по поднесено барање бр.26-340/11 од 09.06.2025 година.

1. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од денот на правосилноста.
2. Ова решение, по неговата правосилност, да се достави до Државниот просветен инспекторат.

О б р а з л о ж е н и е

Педагошката служба на ден 04.04.2025 година, на интернет страницата на Министерството за образование и наука, објави Јавен повик за доставување барања за одобрување учебник по странски јазик за I година гимназиско образование бр.26-340/1 од 04.04.2025 година. Со Решение за изменување на Јавениот повик за доставување барања за одобрување учебник по странски јазик за I година гимназиско образование бр.26-340/2 од 08.04.2025 година, објавено на интернет страницата на Министерството за образование и наука, се пролонгираше рокот за доставување на барањата заклучно со 09.06.2025 година.

Барања за одобрувања на учебник по наставниот предмет **Англиски јазик (прв странски јазик) за I година гимназиско образование** поднесоа следните учесници:

**Барање бр. 26-340/4 од 05.06.2025 година** за учебникот **Upgrade your English A2+** по наставниот предмет Англиски јазик (прв странски јазик) за I година гимназиско образование од авторите: Kate Newbury, Steve Bowden на издавачот Gilkey Holdings LTD/Sterling, English Language Learning преку законскиот застапник Друштво за трговија и услуги „ Академска Книга" ДООЕЛ експорт-импорт, Скопје;

**Барање бр.26-340/14 од 09.06.2025 година** за учебникот **SMART TIME 1** по наставниот предмет Англиски јазик (прв странски јазик) за I година гимназиско образование од авторите: Virginia Evans и Jenny Dooley на издавачот Express Publishing, S.A. од Грција преку законскиот застапник Друштво за трговија Експрес Бук Елт ДООЕЛ, Скопје;

**Барање бр.26-340/11 од 09.06.2025 година** за учебникот **Empower (Level B1 Student`s Book)** по наставниот предмет Англиски јазик (прв странски јазик) за I година гимназиско образование од авторите: Adrian Doff, Craig Thaine, Herbert Puchta, Jeff Stranks, Peter Lewis-Jones со Graham Burton на Cambridge University Press & Assessment Cambridge, United Kingdom преку законскиот застапник Друштво за графички услуги и трговија Арс Ламина ДОО, Скопје;

**Барање бр.26-704/1** од 04.06.2025 година за учебникот **On Point B1 Pre-Intermediate English** по наставниот предмет Англиски јазик (прв странски јазик) за I година гимназиско образование од авторите: Cathy Rogers, Louis Rogers на издавачот Ernst Klett Sprachen GMBH преку законскиот застапник Акционерско друштво за издавање на учебници и наставни средства ПРОСВЕТНО ДЕЛО Скопје;

**Барање бр.26-340/5** од 09.06.2025 година за учебникот **LIFE VISION INTERMEDIATE STUDENT BOOK** по наставниот предмет Англиски јазик (прв странски јазик) за I година гимназиско образование од авторите: Jeremy Bowell и Paul Kelly на издавачот Oxford University Press од Велика Британија преку законскиот застапник Друштво за производство, трговија и услуги АНГЛИСКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ експорт-импорт Скопје;

**Барање бр.26-708/1** од 05.06.2025 година за учебникот **Focus 1 second edition SB** по наставниот предмет Англиски јазик (прв странски јазик) за I година гимназиско образование од авторите: Marta Uminska, Patricia Reilly, Tomas Siuta, Bartosz Michalowski на издавачот Pearson од Велика Британија преку законскиот застапник Трговско друштво за промет и услуги Ст.Џорџ ДООЕЛ екпорт-импорт, Скопје;

**Барање бр.26-340/6 од 09.06.2025 година** за учебникот **Gateway to the World B1** по наставниот предмет Англиски јазик (прв странски јазик) за I година гимназиско образование од авторот: David Spencer на издавачот Macmillan Educations, од Велика Британија преку законскиот застапник Друштво за образование на деца и возрасни Арс Студио Тамара ДООЕЛ, Скопје и

**Барање бр.26-340/7 од 09.06.2025 година** за учебникот **Traveller Second Edition Intermediate B1** по наставниот предмет Англиски јазик (прв странски јазик) за I година гимназиско образование од авторите: H.Q Mitchell и Marileni Malkogianni на издавачот MM Publications од Грција, преку законскиот застапник Друштво за образование на деца и возрасни Арс Студио Тамара ДООЕЛ, Скопје.

Согласно член 18 став (5) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 3/25 и 74/25), министерот во рок од седум дена од денот на доставеното барање за одобрување учебник по странски јазик, со Решение бр.26-340/17 од 12.06.2025 година формира Комисија за проверка на документацијата по доставените барања за одобрување учебник по странски јазик.

Комисијата за проверка на документацијата по доставените барања за одобрување учебник по странски јазик во предвидениот рок од 30 работни дена од денот на формирањето, до директорот на Педагошката служба достави Извештај бр.26-340/19 од 16.06.2025 година.

Според поднесениот Извештај бр.26-340/19 од 16.06.2025 година, Комисијата за проверка на документацијата по доставените барања за одобрување учебник по странски јазик по разгледување на сите доставени барања констатирала дека барањето заверено под арх.бр.26-340/5 од 09.06.2025 година и барањето заверено под арх.бр.26-708/1 од 05.06.2025 година не ги исполнуваат условите согласно Јавниот повик.

Имено кон Барањето заверено под арх. бр. 26-340/5 од 09.06.2025 година од потребната документација согласно Јавниот повик за доставување барања за одобрување учебник по странски јазик за I година гимназиско образование бр.26-340/1 од 04.04.2025 година и Решението за изменување на Јавениот повик за доставување барања за одобрување учебник по странски јазик за I година гимназиско образование бр.26-340/2 од 08.04.2025 година, немало

доставено договор за дистрибуција поради доверливост на податоци, поради што не можело да се утврди местото на склучување на договорот.

Кон Барањето заверено под арх.бр.26-708/1 од 05.06.2025 година од потребната документација согласно Јавниот повик за доставување барања за одобрување учебник по странски јазик за I година гимназиско образование бр.26-340/1 од 04.04.2025 година и Решението за изменување на Јавениот повик за доставување барања за одобрување учебник по странски јазик за I година гимназиско образование бр.26-340/2 од 08.04.2025 година, немало доставено Изјава дека се регистрирани за издавачка дејност, туку само дека се регистрирани како фирма.

Имајќи ги во предвид формалните недостатоци на вака поднесените барања согласно Извештајот бр.26-340/19 од 16.06.2025 година од Комисијата за проверка на документацијата по доставените барања за одобрување учебник по странски јазик, истите не беа дадени на разгледување на Комисијата за стручно вреднување на учебници по странски јазик и Бирото за развој на образованието.

На ден 26.06.2025 година со допис бр.26-340/21 Педагошката служба ги доставила учебниците по странските јазици до Бирото за развој на образованието, согласно Извештајот арх.бр.26-340/19 од 16.06.2025 година од Комисијата за проверка на документацијата по доставените барања за одобрување учебник по странски јазик.

Бирото за развој на образованието со допис бр.09-899/9 од 18.07.2025 година, заверен во Министерството за образование и наука со арх.бр. 26-340/33 од 18.07.2025 година, достави стручно мислење во кое е наведено дека учебниците: Gateway to the World B1, Traveller Second Edition Intermediate B1, Empower (Level B1 Student`s Book), SMART TIME 1 и On Point B1 Pre-Intermediate English ги исполнуваат индикаторите од сите три подрачја од Методологијата за вреднување учебници со што **се предлагаат за одобрување**. Учебникот Upgrade your English A2+ не ги исполнува индикаторите од сите три подрачја од Методологијата за вреднување учебници во делот кој се однесува на учебници по странски јазик и не е усогласен со Наставната програма по Англиски јазик (прв странски јазик) за I година гимназиско образование и поради тоа **не се предлага за одобрување.**

На ден 11.06.2025 година со Решение бр.26-340/16 директорот на Педагошката служба формира Комисија за избор на рецензенти. Комисијата за избор на рецензенти на ден 07.07.2025 година со Записник бр.26-340/22 од 07.07.2025 година, по случаен избор од базата на рецензенти од областа на наставниот предмет избра три рецензенти за членови на Комисија за стручно вреднување на учебници по странски јазик.

Комисијата за стручно вреднување на учебници по странски јазик формирана со Решение бр.26-340/26 од 09.07.2025 година, на учебниците: Gateway to the World B1, Traveller Second Edition Intermediate B1, Empower (Level B1 Students Book), SMART TIME 1, On Point B1 Pre-Intermediate English и Upgrade your English A2+ изврши стручно вреднување, согласно Методологијата за вреднување на учебници и во предвидениот рок од 14 дена од денот на добивање на учебниците по странски јазик го достави стручно мислење бр.26-340/44 од 24.07.2025 година.

Согласно стручното мислење бр.26-340/44 од 24.07.2025 година, од Комисијата за стручно вреднување на учебници по странски јазик може да се увиди дека истата го предлага учебникот **Empower (Level B1 Student`s Book)** од авторите Adrian Doff, Craig Thaine, Herbert Puchta, Jeff Stranks, Peter Lewis-Jones со Graham Burton во издание на Cambridge University Press

& Assessment Cambridge, United Kingdom за одобрување и употреба како учебник наменет за настава по странски јазик за наставниот предмет **Англиски јазик (прв странски јазик) за I година гимназиско образование**.

Врз основа на стручното мислење од Комисијата за стручно вреднување на учебниците по странски јазик бр.26-340/44 од 24.07.2025 година, како и позитивното стручно мислење од Бирото за развој на образованието бр.09-899/9 од 18.07.2025 година, заверено во Министерството за образование и наука со арх.бр. 26-340/33 од 18.07.2025 година, учебникот **Empower (Level B1 Students Book)** од авторите: Adrian Doff, Craig Thaine, Herbert Puchta, Jeff Stranks, Peter Lewis-Jones со Graham Burton на издавачот Cambridge University Press & Assessment Cambridge, United Kingdom преку законскиот застапник Друштво за графички услуги и трговија Арс Ламина ДОО, Скопје, се одлучи да биде одобрен за учебник по наставниот предмет **Англиски јазик (прв странски јазик) за I година гимназиско образование**.

Од тие причини се одлучи како во изреката на ова решение.

**Правна поука:** Против ова Решение, во рок од 15 дена од денот на приемот, може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

Директор на Педагошка служба,

м-р Роберт Аџипетров

Доставено до:
- Писарница на министерството
- Подносители на барања

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Педагошка служба - Shërbimi Pedagogjik
Бр. Nr. 26-340/45
25-07-2025 20 год. viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 19 став 10 од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.3/25 и 74/25), директорот на Педагошка служба го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**

Се дава одобрение за употреба на учебникот **Ein Tolles Team A 2.2 (Kursbuch)** по наставниот предмет **Германски јазик (втор странски јазик) за I година гимназиско образование** од авторот Giorgio Motta на Hueber Verlag-Munich преку законскиот застапник Друштво за графички услуги и трговија Арс Ламина ДОО, Скопје, по поднесено барање бр.26-340/13 од 09.06.2025 година

1. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од денот на правосилноста.
2. Ова решение, по неговата правосилност, да се достави до Државниот просветен инспекторат.

Образложение

Педагошката служба на ден 04.04.2025 година, на интернет страницата на Министерството за образование и наука, објави Јавен повик за доставување барања за одобрување учебник по странски јазик за I година гимназиско образование бр.26-340/1 од 04.04.2025 година. Со Решение за изменување на Јавениот повик за доставување барања за одобрување учебник по странски јазик за I година гимназиско образование бр.26-340/2 од 08.04.2025 година, објавено на интернет страницата на Министерството за образование и наука, се пролонгираше рокот за доставување на барањата заклучно со 09.06.2025 година.

Барања за одобрувања на учебник по наставниот предмет **Германски јазик (втор странски јазик) за I година гимназиско образование** поднесоа следните учесници:

**Барање бр.26-340/13 од 09.06.2025 година** за учебникот **Ein Tolles Team A 2.2 (Kursbuch)** по наставниот предмет **Германски јазик (втор странски јазик) за I година гимназиско образование** од авторот: Giorgio Motta на Hueber Verlag-Munich преку законскиот застапник Друштво за графички услуги и трговија Арс Ламина ДОО, Скопје и

**Барање бр.26-705/1** од 05.06.2025 година за учебникот **Deutsch echt einfach A2 für Jugendliche** по наставниот предмет **Германски јазик (втор странски јазик) за I година гимназиско образование** од авторот: Giorgio Motta на издавачот Ernst Klett Sprachen GMBH преку законскиот застапник Акционерско друштво за издавање на учебници и наставни средства ПРОСВЕТНО ДЕЛО Скопје;

Согласно член 18 став (5) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 3/25 и 74/25), министерот во рок од седум дена од денот на доставеното барање за одобрување учебник по странски јазик, со Решение бр.26-340/17 од 12.06.2025 година формира Комисија за проверка на документацијата по доставените барања за одобрување учебник по странски јазик.

Комисијата за проверка на документацијата по доставените барања за одобрување учебник по странски јазик во предвидениот рок од 30 работни дена од денот на формирањето, до директорот на Педагошката служба достави Извештај бр.26-340/19 од 16.06.2025 година.

На ден 26.06.2025 година со допис бр.26-340/21 Педагошката служба ги доставила учебниците по странските јазици до Бирото за развој на образованието, согласно Извештајот арх.бр.26-340/19 од 16.06.2025 година од Комисијата за проверка на документацијата по доставените барања за одобрување учебник по странски јазик.

Бирото за развој на образованието со допис бр.09-899/8 од 16.07.2025 година, заверен во Министерството за образование и наука со арх.бр. 26-340/77 од 17.07.2025 година, достави стручно мислење во кое е наведено дека учебниците: **Ein Tolles Team A 2.2 (Kursbuch)** и **Deutsch echt einfach A2 für Jugendliche** ги исполнуваат индикаторите од сите три подрачја од Методологијата за вреднување учебници со што **се предлагаат за одобрување**.

На ден 11.06.2025 година со Решение бр.26-340/16 директорот на Педагошката служба формира Комисија за избор на рецензенти. Комисијата за избор на рецензенти на ден 07.07.2025 година со Записник бр.26-340/22 од 07.07.2025 година, по случаен избор од базата на рецензенти од областа на наставниот предмет избра три рецензенти за членови на Комисија за стручно вреднување на учебници по странски јазик.

Комисијата за стручно вреднување на учебници по странски јазик формирана со Решение бр.26-340/25 од 09.07.2025 година, на учебниците: **Ein Tolles Team A 2.2 (Kursbuch)** и **Deutsch echt einfach A2 für Jugendliche** изврши стручно вреднување, согласно Методологијата за вреднување на учебници и во предвидениот рок од 14 дена од денот на добивање на учебниците по странски јазик ги доставија стручните мислења бр.26-340/34 од 23.07.2025 година и бр.26-340/37 од 24.07.2025 година .

Согласно стручното мислење бр.26-340/34 од 23.07.2025 година од два члена на Комисијата за стручно вреднување на учебници по странски јазик може да се увиди дека е предложен учебникот **Ein Tolles Team A 2.2 (Kursbuch)** од авторот Giorgio Motta во издание на Hueber Verlag-Munich, за одобрување и употреба како учебник наменет за настава по странски јазик за наставниот предмет **Германски јазик (втор странски јазик) за I година гимназиско образование**. Додека согласно стручното мислење бр.26-340/37 од 24.07.2025 година од еден член на Комисијата за стручно вреднување на учебници по странски јазик може да се увиди дека е предложен учебникот **Deutsch echt einfach A2 für Jugendliche** од авторот Giorgio Motta во издание на Ernst Klett Sprachen GMBH, за одобрување и употреба како учебник наменет за настава по странски јазик за наставниот предмет **Германски јазик (втор странски јазик) за I година гимназиско образование**.

Врз основа на стручното мислење од Комисијата за стручно вреднување на учебниците по странски јазик бр.26-340/34 од 23.07.2025 година, како и позитивното стручно мислење од Бирото за развој на образованието бр.09-899/8 од 16.07.2025 година, заверено во Министерството за образование и наука со арх.бр. 26-340/77 од 17.07.2025 година, учебникот **Ein Tolles Team A 2.2 (Kursbuch)** од авторот Giorgio Motta во издание на Hueber Verlag-Munich, преку законскиот застапник Друштво за графички услуги и трговија Арс Ламина ДОО, Скопје, се одлучи да биде одобрен за учебник по наставниот предмет **Германски јазик (втор странски јазик) за I година гимназиско образование**.

Од тие причини се одлучи како во изреката на ова решение.

**Правна поука:** Против ова Решение, во рок од 15 дена од денот на приемот, може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

Директор на Педагошка служба,

м-р Роберт Аципетров

Доставено до:
- Писарница на министерството
- Подносители на барања

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Педагошка Служба - Shërbimi Pedagogjik
Бр.-Nr. 26-340/18
31-07-2025 20___ год.-viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 19 став 10 од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.3/25 и 74/25), директорот на Педагошка служба го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се дава одобрение за употреба на учебникот **La Classe A2** по наставниот предмет **Француски јазик (втор странски јазик) за I година гимназиско образование** од авторите **Sophie Bruzy Todd** и **Cédric Vial** на **CLE International од Франција** преку законскиот застапник **Друштво за образование на деца и возрасни Арс Студио Тамара ДООЕЛ Скопје**, по поднесено барање бр.26-340/9 од 09.06.2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од денот на правосилноста.

3. Ова решение, по неговата правосилност, да се достави до Државниот просветен инспекторат.

О б р а з л о ж е н и е

Педагошката служба на ден 04.04.2025 година, на интернет страницата на Министерството за образование и наука, објави Јавен повик за доставување барања за одобрување учебник по странски јазик за I година гимназиско образование бр.26-340/1 од 04.04.2025 година. Со Решение за изменување на Јавениот повик за доставување барања за одобрување учебник по странски јазик за I година гимназиско образование бр.26-340/2 од 08.04.2025 година, објавено на интернет страницата на Министерството за образование и наука, се пролонгираше рокот за доставување на барањата заклучно со 09.06.2025 година.

Барања за одобрувања на учебник по наставниот предмет **Француски јазик (втор странски јазик) за I година гимназиско образование** поднесоа следните учесници:

**Барање бр.26-340/9 од 09.06.2025 година** за учебникот **La Classe A2** по наставниот предмет Француски јазик (втор странски јазик) за I година гимназиско образование од авторите: Sophie Bruzy Todd и Cédric Vial на издавачот **CLE International од Франција** преку законскиот застапник Друштво за образование на деца и возрасни Арс Студио Тамара ДООЕЛ Скопје;

**Барање бр.26-340/12 од 09.06.2025 година** за учебникот **Ispire Lycée 1 (A2.2)** по наставниот предмет **Француски јазик (втор странски јазик) за I година гимназиско образование** од авторите: Fabienne Gallon, Emilie Mathieu-Benoit, Jean Thierry Le Bougnec и Marie-Jose Lopes на издавачот **Hachette FLE, Paris** преку законскиот застапник Друштво за графички услуги и трговија Арс Ламина ДОО, Скопје;

**Барање бр.26-719/1 од 09.06.2025** година за учебникот **NOUVELLE GENERATION A2.2** по наставниот предмет **Француски јазик (втор странски јазик) за I година гимназиско образование** од авторите: Luca Giachino и Carla Baracco на издавачот **Didier од Франција** преку законскиот застапник Друштво за производство, трговија, и услуги СУПРЕМА ДОО увоз-извоз Скопје и

**Барање бр. 26-340/3 од 05.06.2025 година** за учебникот **COLOS niveau 1** по наставниот предмет Француски јазик (втор странски јазик) за I година гимназиско образование од авторите: Marion

Meurice и Julien Choukh на издавачот **Editions des Moulins SARL**, преку законскиот застапник Друштво за трговија и услуги „ Академска Книга" ДООЕЛ експорт-импорт Скопје.

Согласно член 18 став (5) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 3/25 и 74/25), министерот во рок од седум дена од денот на доставеното барање за одобрување учебник по странски јазик, со Решение бр.26-340/17 од 12.06.2025 година формира Комисија за проверка на документацијата по доставените барања за одобрување учебник по странски јазик.

Комисијата за проверка на документацијата по доставените барања за одобрување учебник по странски јазик во предвидениот рок од 30 работни дена од денот на формирањето, до директорот на Педагошката служба достави Извештај бр.26-340/19 од 16.06.2025 година.

На ден 26.06.2025 година со допис бр.26-340/21 Педагошката служба ги доставила учебниците по странските јазици до Бирото за развој на образованието, согласно Извештајот со бр.26-340/19 од 16.06.2025 година од Комисијата за проверка на документацијата по доставените барања за одобрување учебник по странски јазик.

Бирото за развој на образованието со допис бр.09-899/10 од 18.07.2025 година, заверен во Министерството за образование и наука со арх.бр. 26-340/31 од 18.07.2025 година, достави стручно мислење во кое е наведено дека учебниците: **La Classe A2**, Ispire Lycée (A2.2), NOUVELLE GENERATION A2.2 и COLOS niveau 1 ги исполнуваат индикаторите од сите три подрачја од Методологијата за вреднување учебници со што **се предлагаат за одобрување**.

На ден 11.06.2025 година со Решение бр.26-340/16 директорот на Педагошката служба формира Комисија за избор на рецензенти. Комисијата за избор на рецензенти на ден 07.07.2025 година со Записник бр.26-340/22 по случаен избор од базата на рецензенти од областа на наставниот предмет избра три рецензенти за членови на Комисија за стручно вреднување на учебници по странски јазик.

По формирањето, двајца членови на Комисијата за за стручно вреднување на учебници по странски јазик формирана со Решение бр. 26-340/27 од 09.07.2025 година доставија Изјава бр. 26-340/29 од 18.07.2025 и Изјава бр. 26-340/28 од 11.07.2025 за повлекување од учество во Комисијата, поради што Комисијата за избор на рецензенти формирана со Решение бр.26-340/16 од 11.06.2025 година со Записник бр. 26-340/35 од 23.07.2025 година од базата на рецензенти, изврши повторен избор на нови членови на Комисија.

Комисијата за стручно вреднување на учебници по странски јазик формирана со Решение бр.26-340/27 од 09.07.2025 година и Решение бр.26-340/36 од 23.07.2025 година на учебниците: **La Classe A2, Ispire Lycée (A2.2), NOUVELLE GENERATION A2.2. и COLOS niveau 1** изврши стручно вреднување, согласно Методологијата за вреднување на учебници и во предвидениот рок од 14 дена од денот на добивање на учебниците по странски јазик ги достави стручните мислења бр.26-110/240 од 16.07.2025 година и бр.26-340/47 од 28.07.2025 година.

Согласно стручното мислење бр.26-340/47 од 28.07.2025 година од два члена на Комисијата за стручно вреднување на учебници по странски јазик може да се увиди дека е предложен учебникот **La Classe A2** од авторите Sophie Bruzy Todd и Cédric Vial во издание на **CLE International** од Франција, за одобрување и употреба како учебник наменет за настава по странски јазик за наставниот предмет **Француски јазик (втор странски јазик) за I година гимназиско образование**.

Додека Согласно стручното мислење бр.26-110/240 од 16.07.2025 година од еден член на Комисијата за стручно вреднување на учебници по странски јазик може да се увиди дека е предложен учебникот **Ispire Lycée (A2.2),** од авторите: Fabienne Gallon, Emilie Mathieu-Benoit, Jean Thierry Le Bougnec и Marie-Jose Lopes во издание на **Hachette FLE Paris** , за одобрување и употреба како учебник наменет за настава по странски јазик за наставниот предмет **Француски јазик (втор странски јазик) за I година гимназиско образование**.

Врз основа на стручното мислење од Комисијата за стручно вреднување на учебниците по странски јазик бр.26-340/47 од 28.07.2025 година, како и позитивното стручно мислење од Бирото за развој на образованието бр.09-899/10 од 18.07.2025 година, заверено во Министерството за образование и наука со арх.бр. 26-340/31 од 18.07.2025 година, учебникот **La Classe A2** од авторите: **Sophie Bruzy Todd** и **Cédric Vial** во издание на **CLE International од Франција**, преку законскиот застапник **Друштво за образование на деца и возрасни Арс Студио Тамара ДООЕЛ Скопје**, се одлучи да биде одобрен за учебник по наставниот предмет **Француски јазик (втор странски јазик) за I година гимназиско образование**.

Од тие причини се одлучи како во изреката на ова решение.

**Правна поука:** Против ова Решение, во рок од 15 дена од денот на приемот, може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

Директор на Педагошка служба,

м-р Роберт Аџипетров

Доставено до:
- Писарница на министерството
- Подносители на барања

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Педагошка Служба - Shërbimi Pedagogjik
Бр. Nr. 26-813/1
11-08-2025 год. viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 19 став 10 од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 3/25 и 74/25), директорот на Педагошка служба го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се дава одобрение за употреба на учебникот **NOI ci siamo 3** по наставниот предмет **Италијански јазик (втор странски јазик) за I-ва година гимназиско образование** од авторите **T. Anna Pellegrino и Elettra Ercolino** на издавачот **Eli Edizioni од Италија** преку законскиот застапник **Друштво за образование на деца и возрасни Арс Студио Тамара ДООЕЛ Скопје**, по поднесено барање бр.26-340/10 од 09.06.2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од денот на правосилноста.

3. Ова решение, по неговата правосилност, да се достави до Државниот просветен инспекторат.

О б р а з л о ж е н и е

Педагошката служба на ден 04.04.2025 година, на интернет страницата на Министерството за образование и наука, објави Јавен повик за доставување барања за одобрување учебник по странски јазик за I година гимназиско образование бр.26-340/1 од 04.04.2025 година. Со Решение за изменување на Јавениот повик за доставување барања за одобрување учебник по странски јазик за I година гимназиско образование бр.26-340/2 од 08.04.2025 година, објавено на интернет страницата на Министерството за образование и наука, се пролонгираше рокот за доставување на барањата заклучно со 09.06.2025 година.

Барања за одобрувања на учебник по наставниот предмет **Италијански јазик (втор странски јазик) за за I година гимназиско образование** поднесоа следните учесници:

**Барање бр. 26-340/10 од 09.06.2025** година за учебникот **NOI ci siamo 3** по наставниот предмет **Италијански јазик (втор странски јазик) за I-ва година гимназиско образование** од авторите: **T. Anna Pellegrino** и **Elettra Ercolino** на издавачот **Eli Edizioni од Италија** преку законскиот застапник **Друштво за образование на деца и возрасни Арс Студио Тамара ДООЕЛ Скопје** и

**Барање бр. 26-340/15 од 09.06.2025** година за учебникот **Nuovissimo Progetto Italiano 1** по наставниот предмет **Италијански јазик (втор странски јазик) за I-ва година гимназиско образование** од авторот: **Telis Marin** на издавачот **Edizioni Edilingua од Грција** преку законскиот застапник **Друштво за образование на деца и возрасни Арс Студио Тамара ДООЕЛ Скопје .**

Согласно член 18 став (5) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 3/25 и 74/25), министерот во рок од седум дена од денот на доставеното барање за одобрување учебник по странски јазик, со

Решение бр.26-340/17 од 12.06.2025 година формира Комисија за проверка на документацијата по доставените барања за одобрување учебник по странски јазик.

Комисијата за проверка на документацијата по доставените барања за одобрување учебник по странски јазик во предвидениот рок од 30 работни дена од денот на формирањето, до директорот на Педагошката служба достави Извештај бр.26-340/19 од 16.06.2025 година.

На ден 26.06.2025 година со допис бр.26-340/21 Педагошката служба ги доставила учебниците по странските јазици до Бирото за развој на образованието, согласно Извештајот со арх.бр.26-340/19 од 16.06.2025 година од Комисијата за проверка на документацијата по доставените барања за одобрување учебник по странски јазик.

Бирото за развој на образованието со допис бр.09-899/11 од 18.07.2025 година, заверен во Министерството за образование и наука со арх.бр. 26-340/30 од 18.07.2025 година, достави стручно мислење во кое е наведено дека учебниците: **NOI ci siamo 3** и **Nuovissimo Progetto Italiano 1** ги исполнуваат индикаторите од сите три подрачја од Методологијата за вреднување учебници со што **се предлагаат за одобрување**.

На ден 11.06.2025 година со Решение бр.26-340/16 директорот на Педагошката служба формира Комисија за избор на рецензенти. Комисијата за избор на рецензенти на ден 07.07.2025 година со Записник бр.26-340/22 од 07.07.2025 година, по случаен избор од базата на рецензенти од областа на наставниот предмет избра три рецензенти за членови на Комисија за стручно вреднување на учебници по странски јазик.

Комисијата за стручно вреднување на учебници по странски јазик формирана со Решение бр.26-340/24 од 09.07.2025 година, на учебникот: **NOI ci siamo 3** и **Nuovissimo Progetto Italiano 1** изврши стручно вреднување, согласно Методологијата за вреднување на учебници и во предвидениот рок од 14 дена од денот на добивање на учебниците по странски јазик го достави стручно мислење бр.26-340/50 од 06.08.2025 година.

Согласно стручното мислење бр. 26-340/50 од 06.08.2025 година, од Комисијата за стручно вреднување на учебници по странски јазик може да се увиди дека истата го предлага учебникот **NOI ci siamo 3** од авторите **T. Anna Pellegrino и Elettra Ercolino** во издание на **Eli Edizioni од Италија** за одобрување и употреба како учебник наменет за настава по странски јазик за наставниот предмет **Италијански јазик (втор странски јазик) за I-ва година гимназиско образование**.

Врз основа на стручното мислење од Комисијата за стручно вреднување на учебниците по странски јазик бр. 26-340/50 од 06.08.2025 година, како и позитивното стручно мислење од Бирото за развој на образованието бр. бр.09-899/11 од 18.07.2025 година, заверен во Министерството за образование и наука со арх.бр. 26-340/30 од 18.07.2025 година, учебникот **NOI ci siamo 3** од авторите: **T. Anna Pellegrino и Elettra Ercolino** на издавачот **Eli Edizioni од Италија** преку законскиот застапник **Друштво за образование на деца и возрасни Арс Студио Тамара ДООЕЛ Скопје**, се одлучи да биде одобрен за учебник по наставниот предмет **Италијански јазик (втор странски јазик) за I-ва година гимназиско образование**.

Од тие причини се одлучи како во изреката на ова решение.

**Правна поука:** Против ова Решение, во рок од 15 дена од денот на приемот, може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

Директор на Педагошка служба,

м-р Роберт Аџипетров

Доставено до:
- Писарница на министерството
- Подносители на барања

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Педагошка Служба - Shërbimi Pedagogjik
Бр. Nr. 26-340/56
22-08-2025 год.-viti
Скопје Shkup

Врз основа на член 19 став 10 од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 3/25 и 74/25), директорот на Педагошка служба го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

1. Се дава одобрение за употреба на учебникот **ПОЕХАЛИ!** по наставниот предмет **Руски јазик (втор странски јазик) за I-ва година гимназиско образование** од авторите **Станилав Черњишов** и **Алла Черњишова** на **ДАТА СТАТУС**, преку законскиот застапник **Друштво за образование на деца и возрасни Арс Студио Тамара ДООЕЛ Скопје**, по поднесено барање бр.26-340/8 од 09.06.2025 година..

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од денот на правосилноста.

3. Ова решение, по неговата правосилност, да се достави до Државниот просветен инспекторат.

О б р а з л о ж е н и е

Педагошката служба на ден 04.04.2025 година, на интернет страницата на Министерството за образование и наука, објави Јавен повик за доставување барања за одобрување учебник по странски јазик за I година гимназиско образование бр.26-340/1 од 04.04.2025 година. Со Решение за изменување на Јавениот повик за доставување барања за одобрување учебник по странски јазик за I година гимназиско образование бр.26-340/2 од 08.04.2025 година, објавено на интернет страницата на Министерството за образование и наука, се пролонгираше рокот за доставување на барањата заклучно со 09.06.2025 година.

Барања за одобрувања на учебник по наставниот предмет Руски јазик (втор странски јазик) за за I година гимназиско образование поднесе следниот учесник:

**Барање бр. 26-340/8 од 09.06.2025** година за учебникот **ПОЕХАЛИ!** по наставниот предмет **Руски јазик (втор странски јазик) за I-ва година гимназиско образование** од авторите: **Станилав Черњишов и Алла Черњишова** на издавачот **ДАТА СТАТУС** преку законскиот застапник **Друштво за образование на деца и возрасни Арс Студио Тамара ДООЕЛ Скопје** и

Согласно член 18 став (5) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 3/25 и 74/25), министерот во рок од седум дена од денот на доставеното барање за одобрување учебник по странски јазик, со

Решение бр.26-340/17 од 12.06.2025 година формира Комисија за проверка на документацијата по доставените барања за одобрување учебник по странски јазик.

Комисијата за проверка на документацијата по доставените барања за одобрување учебник по странски јазик во предвидениот рок од 30 работни дена од денот на формирањето, до директорот на Педагошката служба достави Извештај бр.26-340/19 од 16.06.2025 година.

На ден 26.06.2025 година со допис бр.26-340/21 Педагошката служба ги доставила учебниците по странските јазици до Бирото за развој на образованието, согласно Извештајот со

арх.бр.26-340/19 од 16.06.2025 година од Комисијата за проверка на документацијата по доставените барања за одобрување учебник по странски јазик.

Бирото за развој на образованието со допис бр.09-899/7 од 07.07.2025 година, заверен во Министерството за образование и наука со арх.бр. 26-340/23 од 08.07.2025 година, достави стручно мислење во кое е наведено дека учебникот: **ПОЕХАЛИ!** ги исполнува индикаторите од сите три подрачја од Методологијата за вреднување учебници со што **се предлага за одобрување**.

На ден 11.06.2025 година со Решение бр.26-340/16 директорот на Педагошката служба формира Комисија за избор на рецензенти. Комисијата за избор на рецензенти на ден 07.08.2025 година со Записник бр.26-340/51 од 07.08.2025 година, по случаен избор од базата на рецензенти од областа на наставниот предмет избра три рецензенти за членови на Комисија за стручно вреднување на учебници по странски јазик.

Комисијата за стручно вреднување на учебници по странски јазик формирана со Решение бр.26-340/52 од 08.08.2025 година, на учебникот: **ПОЕХАЛИ!** изврши стручно вреднување, согласно Методологијата за вреднување на учебници и во предвидениот рок од 14 дена од денот на добивање на учебникот по странски јазик го достави стручно мислење бр.26-340/55 од 15.08.2025 година.

Согласно стручното мислење бр. 26-340/55 од 15.08.2025 година, од Комисијата за стручно вреднување на учебници по странски јазик може да се увиди дека истата го предлага учебникот **ПОЕХАЛИ!** од авторите **Станилав Черњишов и Алла Черњишова** во издание на **ДАТА СТАТУС** за одобрување и употреба како учебник наменет за настава по странски јазик за наставниот предмет **Руски јазик (втор странски јазик) за I-ва година гимназиско образование**.

Врз основа на стручното мислење од Комисијата за стручно вреднување на учебниците по странски јазик бр. 26-340/55 од 15.08.2025 година, како и позитивното стручно мислење од Бирото за развој на образованието бр. бр.09-899/7 од 07.07.2025 година, заверен во Министерството за образование и наука со арх.бр. 26-340/23 од 08.07.2025 година, учебникот **ПОЕХАЛИ!** од авторите: **Станилав Черњишов и Алла Черњишова** на издавачот **ДАТА СТАТУС** преку законскиот застапник **Друштво за образование на деца и возрасни Арс Студио Тамара ДООЕЛ Скопје**, се одлучи да биде одобрен за учебник по наставниот предмет **Руски јазик (втор странски јазик) за I-ва година гимназиско образование**.

Од тие причини се одлучи како во изреката на ова решение.

**Правна поука:** Против ова Решение, во рок од 15 дена од денот на приемот, може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

Директор на Педагошка служба,

м-р Роберт Аџипетров

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut - Министерство за образование и наука - Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Педагошка служба - Shërbimi Pedagogjik - Скопје - Shkup

Доставено до:

- Писарница на министерството
- Подносители на барања